Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз -Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 02-204/5

Дата: 17.04.2025

Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз -Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

**П Р О Ц Е Н А**

**На загрозеност на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ од природни непогоди и други несреќи**

[redacted]

**СОДРЖИНА**

I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ
II. ПРОЦЕНА ПО ВИДОВИ НА ЗАГРОЗЕНСОТ
III. ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕТО
IV. ОСПОСОБЕНОСТ НА „ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ “Кавадарци ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
V. ОСПОСОБЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
VI. ЗАКЛУЧОК

Арх.Бр.________________

Дата:__________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз -Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

[redacted]

Арх.Бр.______________

Дата:________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз - Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

**ВОВЕД**

Начинот на проценување на опасностите во случај на природни непогоди, епидемии и други несреќи се заснова на реални процени на можната загрозеност на вработените, објектите и инфраструктурата при што се поаѓа од најтешките варијанти и можни предвидувања за природни непогоди епидемии и други несреќи, можностите за примена на мерките за заштита, расположивите сили за спасување на вработените и материјалните добра, како и отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии и други несреќи.

**I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

***1. Дејност и нејзино влијание на можноста за предизвикување на природни непогоди и други несреќи***

"ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ", Кавадарци е институција којашто со нејзина основна дејност е да организира јавен градски и приградски транспорт на патници на територија на Општина Кавадарци.

„ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ"Кавадарци како институција која се занимава со горенаведената дејност со својата работа не може да предизвика поголеми несреќи во текот на дејноста освен релативна можност за настанување на пожар.

***2. Влијание на несреќите и непогодите во обавувањето на дејноста***

Природните и други непогоди можат да предизвикаат негативни последици во обавување на дејноста. Како последица на земјотреси, пожари, експлозии и други несреќи може да дојде до појава на урнатини, прекини на довод на електричната енергија и телефонски врски, како и влошување на условите за работа поради опожарените простории, дефекти на водоводна и канализациона мрежа. Во потешки случаи може да дојде до појава на повредени вработени, па дури и човечки загуби.

Појавата на епидемии на заразни болести може да предизвика намалување на бројот на вработените во поедини ситуации поради претпазливост, може да дојде до прекинување на работата заради спречување на ширењето на болести.

[redacted]

Сите овие причини можат да доведат до тешкотии во обавување на дејноста, а во потешки случаи и до повремени прекини или поголеми прекини, па и до целосен прекин во обавување на дејноста или до дислокација на работните простории.

### *3. Податоци за капацитетите*

**Локација**

Предметниот објект во кој се сместени канцелариите на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ е лоциран и се наоѓа во Кавадарци на ул.7-ми Септември бр.1

Објектот во кој се наоѓаат канцелариите на јавното претпријатие во Кавадарци е изведен од подрум, приземје и 3 ката. Времето на пристигнување на ПП возило од ПП бригада Кавадарци е за околу 5-10 минути.

„ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарци својата административна работа ја изведува во еден објект и тоа канцеларија во бизнис центар зграда на ул. 7-ми Септември бр.1.

Во склоп на бизнис зградата се сместени повеќе институции којшто истотака се основани од Општина Кавадарци како што е и самото јавно претпријатие ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ.

- "ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ"Кавадарци **располага со следните капацитети:**

| **Простосрија** | **Вкупен број** | **Површина(м2)** | **Состојба(се оценува од 1-5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| Канцеларија за административни службеници | 1 | 53 | 5 | |
| Канцеларија за административни службеници | 1 | 12 | 5 | |
| Канцеларија за административни службеници | 1 | 11 | 5 | |

Арх.Бр.______________
Дата:________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз -Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

[redacted]

**_4. Густината на изграденост на објектите и нивната карактеристика и важност за заштита од природни непогоди и други несреќи_**

Објектот на „ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ"Кавадарци во Кавадарци, е од тврда градба и не постои голема опасност од негово уривање и оштетување на соседни објекти.
Објектот не претставува опасност од пренесување на пожар од објект на објект.

**_5. Сообраќајна инфраструктура_**

Објектот во кој се сместени канцелариите на јавното претпријатие се поврзани со главна улица и може непречено да се извршува евакуација, пристап на противпожарни возила, возила на брза помош и други возила за евакуација и пружање помош.

**_6.Број на вработени_**

Во „ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ " има вработено 22 лица, во редовен работен однос.

**II. ПРОЦЕНА ПО ВИДОВИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ**

1. **Загрозеност од земјотреси, урнатини**

Територијата на општина Кавадарци не спаѓа во загрозените подрачја од земјотреси и не се предвидуваат земјотреси со разорни ефекти но можни се тектонски движења со помал интензитет.
На подрачјето на општината нема сеизмички жаришта, но се пренесуваат од соседните жаришта. Според скалата на МЦС (Меркали-Цанцани-Свеберг) на подрачјето на општината се можни земјотреси од прв до четврт степен што не значи дека не се можни земјотреси од петти степен па и поголеми.

Зградата во која се сместени канцелариите на „ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ "Кавадарци е **од тврда градба и во случај на земјотрес можни се мали оштетувања, и нема опасност од рушење и оштетување на соседни објекти, блокирање на улици и евентуални човечки жртви.**

Арх.Бр._______________

Дата:_________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз -Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

[redacted]

Арх.Бр.________________

Дата:__________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз -Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

2. **Загрозеност од снежни намети, лавини и луњи**

Снежните намети, лавини и луњи, како природни мететролошки појави во зимскиот период предизвикуваат различни пореметувања на секојдневните активности на населението и вработените во „ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ “ Кавадарци . Овие природни непогоди би предизвикале отежнато одвивање на локалниот сообраќај, физичко отежнување на надземните водови и преносната електрична мрежа, а со тоа и отежнато извршување на дејноста и секојдневните обврски на фирмата.

Според статистичките податоци просечниот број на денови со снежна наметка во Општината Кавадарци изнесува 20-30 дена во зимскиот период, снежни врнежи кои би можеле да предизвикаат големи наноси од снег, а со тоа и затрупување на улиците и главните комуникации.

Основна задача за расчистување од снежни намети Општина Кавадарци ја доделува на Јавното претпријатие за комунална дејност ,,Комуналец” кои располагаат со потребна механизација и средства, кои го чистат и приодот кон објектот и овозможува да се поврзе со главната сообраќајница.

3. **Загрозеност од пожари и експлозии**

Според градбата и содржината на објектот нема голема опасност од избувнување на пожар и негово ширење. Доколку дојде до пожар не постои опасност од негово пренесување на друг објект бидејќи зградата на „ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ “Кавадарци од ниту една страна нема прилепени објекти. Самиот процес на работа е таков, што нема опасност од предизвикување на пожар, но сепак, потенцијални опасности за предизвикување на пожар постојат заради:

- Неисправна електрична инсталација
- Разни грејни тела
- Електрична апарати
- Временски непогоди
- Човечко невнимание
- Глодари

При обавување на секојдневната дејност може да дојде до избувнување на пожар. Во случај на пожар на овој објект неопходна е претходна подготвеност и навремено дејствување заради брзо и ефикасно локализирање на пожарот и спречување на негово ширење. Заради извршување на овие активности се оспособува пред се́ дел од техничкиот персонал, но и сите вработени.

Последиците од пожар би се одразиле по целокупното работење на „ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ” Кавадарци бидејќи би се уништила целокупната архива и сметководство, компјутерската мрежа и инвентарот. односно сите податоци за институцијата иако се заштитено по законска процедура во лимени сандаци.

[redacted]

Арх.Бр.________________

Дата:__________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз -Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

4. **Загрозеност од епидемии на заразни заболувања**

Основна дејност на „ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ"Кавадарци е згрижување и престој на луѓе во поголем број, па од тука може да се заклучи дека вработените спаѓаат во ризична група во општината како директно загрозени, но и како преносители на разни видови на заразни болести, па оттука мора да се превземаат константно и постојано определени мерки за нивна здравствена заштита и редовни систематски прегледи, и следење и евиденција на нивната здравствена состојба.

5. **Загрозеност од поплави и уривање на високи брани**

Проценка на загрозеност од дејство на поплавите на територијата на Општина Кавадарци е резултат на географско-топографските карактеристики на самата Општина. Хидролошката состојба на реките во околината, климатските особености и нивните нагли промени и наглото топење на планинските снегови не представуваат поголема опасност за објектот на „ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ"Кавадарци.

Опасност од поплава постои во случај на неисправност на хидрантската и канализациона мрежа, неисправност на вентилите, пукање на хидрантската инсталација, затнување на одводните шахти и канали.

## III ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

„ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ"Кавадарци со 22 вработени нема потреба и можности за формирање на просторни сили (единици и штабови) за заштита и спасување. ЗС во установата ќе се одвива во склоп на редовното работење и доследно спроведување на законот за заштита и спасување како и законот за безбедност и здравје при работа.

Раководењето со ЗС во установата ќе се одвива преку раководните структури и надлежните за безбедност и здравје при работа.

## IV. ОСПОСОБЕНОСТ НА „ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ " КАВАДАРЦИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

„ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарци располага со стручен кадар кој се грижи за следење и примена на прописите од областа на заштита и спасување, но треба да обезбедат материјални и други можности за подобра реализација на мерките, задачите и активностите што се однесуваат на заштита и спасување.

[redacted]

„ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци располага со потребен број на ПП Апарати и хидранти кои редовно се одржуваат и сервисираат од страна на овластена фирма ,, Мист Пасторка Дооел-Кавадарци, со која имаме склучено договор. Исто така имаме склучено договор со овластена фирма за давање на медицинска помош.

Од голема корист е што вработените имаат поминато обука - како теоретска така и практична - од областа на прва помош, евакуација и заштита и спасување.

## V. ОСПОСОБЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

„ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци има обучено лица од своите вработени од областа Противпожарна заштита од стручна и овластена фирма ,,Мист Пасторка Дооел'' и тоа со предавања и практична обука за употреба на противпожарните апарати и хидранти. Исто така има обучено и лица за пружање прва медицинска помош и лица за вршење на евакуација и спасување.

## VI. ЗАКЛУЧОК

Природни непогоди и други несреќи можат да го погодат секој а секако најголем ризик е од избувнување на пожари, поплави и урнатини предизвикани од земјотреси. Интензитетот и големината на овие несреќи би зависеле пред сé од причината заради која настанале, како и можноста за нивна ескалација со посериозни последици.

Во „ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“Кавадарци се спроведуваат редовни контроли и сервисирање на противпожарните апарати, исправноста на хидрантите, водоводната мрежа и електрична инсталација. Објектите не се високи, така што во случај на пожар не би требало да има последици по луѓето, повеќе акцент би можел да се стави на големината на материјалната штета.

Редовно се спроведуваат здравствени прегледи на вработените со цел да се намали можноста од зарази и епидемии, но овие мерки не можат да ги исклучат и наведените влијанија.

**Управен одбор**
**ЈП за превоз на патници**
**ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ**
**Претседател**
**Марија Спанџова**


Арх.Бр.________________

Дата:__________________

Кавадарци

Република Северна Македонија

ЈП Градски Превоз - Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail: